## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3295.**

Врз основа на член 30 став (4) и член 58 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/01, 50/01, исправка 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09 и 34/10), министерот за финансии донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Правилникот за спроведување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" бр.40/01, 72/01, 89/01, 50/02, 86/02, 19/03, 54/03, 6/04, 6/05, 44/06, 137/06, 25/08, 54/08, 125/08, 53/09, 94/09, 122/09, 46/10 и 85/10), во член 30, ставот (4) се менува и гласи:

„Средството за обележување се состои од:

- 5 gr. N-Ethyl-1-(4-phenylazophenylazo)-naphtyl-2-amin или

- 6,5 gr. N-Ethylhexyl-1-(tolylazotolylazo)naphtyl-2-amin или

- 7,4 gr. N-Tridecyl-1-(tolylazotolylazo)naphtyl-2-amin или

мешавина од овие материи со слично дејство на бојосување, рамномерно растворени во 1.000 кг. минерално масло и

- C.I. Solvent Yellow 124 (N-Ethyl-N-[2-(1-isobutoxyethoxy) ethyl]-4-(phenylazo) aniline) во количество не помало од 6,0 mg/l минерално масло, а не поголемо од 9,0 mg/l минерално масло."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Бр. 20-42138/1
3 декември 2010 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3296.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009 и 34/2010), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05). Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 6.12.2010 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 33,689 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 35,067 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 33,988 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 33,408 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 26,389 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 71,00 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 72,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 59,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 48,00 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 32,662 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 70,50 | 70,00 | 69,50 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 72,00 | 71,50 | 71,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 59,00 | 58,50 | 58,00 |
| Е Л-1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 47,50 | 47,00 | 46,50 |